АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.10.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6042 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 22 септември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 октомври 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 29 јули 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-948, 30.07.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 22 септември, на регионално ниво, во регионот Д2, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил во целост по решението** за изрекување мерка, односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик).

Во анализираниот ден, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје емитуваше 4 часа 58 минути и 55 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, што е 34,52% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (14 часа 25 минути и 48 секунди), односно за 47 минути и 24 секунди помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (14:25:48), е 5 часа 46 минути и 19 секунди.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, на 22 септември 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 29 јули 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***